ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-1058/2
10.02.2025 година
Велес

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-1058/1 од 07.02.2025 година, поднесено о[redacted] го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-1058/1 од 07.02.2025 година, поднесено о[redacted]со кое се бара информација од јавен карактер:

Дали во општината е формиран младински центар согласно Законот за младинско учество и младински политики? Доколку е формиран, бараме да се достават следниве документи и информации:

-Одлука за формирање на младински центар;

-Одлука за избор на граѓанска организација која ќе раководи со младинскиот центар;

-Извештај за работата на младинскиот центар за претходната календарска година (2024);

-Програма за работа на младинскиот центар за 2025 година;

-Податоци за издвоени средства од буџетот на општината за младинскиот центар за претходните 2 години, односно за 2023 и 2024 година, како и податок за предвидени средства за младинскиот центар за тековната 2025 година.

и истата да се достави на барателот по е-маил, **СЕ УВАЖУВА.**

### Образложение

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапувајќи во законски определениот рок по горенаведеното барање согласно член 20 став 1 од Законот за слободен

пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/19), констатираа дека бараната информација е информација од јавен карактер и истата му ја доставува на барателот:

-Општина Велес ги исполни законските обврски и со Решение од Градоначалникот на Општина Велес во 2022 година, формираше Младински центар согласно Законот за младинско учество и младински политики;
-Во прилог Одлуката за формирање на младински центар;
-Во прилог Извештајот за работата на МЦВ за 2024 година;
-Во прилог програмата за работа на МЦВза 2025 година;
-Согласно годишната Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на младите, секоја календарска година, Општина Велес обезбедува финансиска поддршка. Соодветено на тоа:
Во 2023 година, Општина Велес обезбеди вкупно 427.000,00 денари за поддршка на Младинскиот центар во Велес.
Во 2024 година, Општина Велес обезбеди вкупно 450.000,00 денари за поддршка на Младинскиот центар во Велес.
Додека пак за тековната 2025 година, Општина Велес, за поддршка на Младинскиот центар во Велес, обезбеди финансиска поддршка во висина од 450.000,00 денари.

Согласно горенаведеното, имателот Општина Велес одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес
Службени лица за посредување со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

Доставено до:
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*